20456

pres-kliping • press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
30. Sept. 1972

## СРЕДБА СО СЕМИХ БАЛЧИОГЛУ И ФЕРУХ ДОГАН

# СРЦЕТО НА СВЕТСКАТА КАРИКАТУРА ЧУКА ВО СКОПЈЕ

**ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ** во Скопје, покрај Четвртата светска галерија на карикатури, се отворени уште две самостојни изложби — на **Семих Балчиоглу** и на **Ферух Доган,** од Турција. И двајцата се родени во Истамбул каде што живеат и работат. Учествувале на повеќе домашни и меѓународни конкурси и фестивали и се добитници на повеќе награди. Семих Балчиоглу член е на жири — комисијата, а Ферух Доган добитник на една од десетте сребрени плакети на годинашната Светска галерија на карикатури. Нивниот престој во Скопје го искористивме да поразговараме за нивниот творечки свет, за нивните преокупации, за нивниот впечаток за Четвртата светска галерија на карикатури.

**• ДВАЈЦАТА ТУРСКИ КАРИКАТУРИСТИ ОТВОРИЈА САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ ВО МСУ**



Семих Балчиоглу



Ферух Доган

— Турската карикатура, по југословенската, годинава е најзастапена на Фестивалот во Скопје — вели Балчиоглу. Отворањето на самостојната изложба е резултат на пријателството меѓу Југославија и Турција, и тоа посебно не радува. Инаку, традицијата на турската карикатура е долга 102 години. Присуството на седумте турски карикатуристи во Скопје и нивното учество на Галеријата е најголемиот симбол на пријателството меѓу нашите две земји.

**На прашањето кој е нивниот творечки свет, Ферух Доган вели:**

— Јас сум против газењето на човекот, газењето на една земја и себегазењето. Ослободен од секаков комплекс, јас цртам. Во моите карикатури се надевам дека ќе внесам дел од себе, од својата борба за посветла иднина на човештвото. Тоа е мојата животна филозофија и филозофијата на цртањето.

**СЕМИХ БАЛЧИОГЛУ: —** Општо земено, во турската карикатура владее социјалната тематика. Таа е инспирирана од сите проблеми во светот, и пред сè од мирот. Моите цртежи веќе јасно ја покажуваат филозофијата што ја застапувам. Карикатуристите обично не зборуваат многу. Така и јас своето мислење го искажувам преку цртањето.

**● Што според вас претставуваат ангажираната карикатура и ангажираниот карикатурист?**

**ФЕРУХ ДОГАН:** Уметникот се ангажира самиот себе.

**СЕМИХ БАЛЧИОГЛУ: —** И јас го мислам истото. Вистинскиот уметник оди по патеката што самиот си ја одбрал. На вистинскиот уметник не може да влијае ниедна мисла однадвор. Токму затоа, вистинските уметници секогаш имале и имаат право. Ова го потврдува и историјата на уметноста. Вистинските уметници секогаш стојат на свои нозе.

**● На прашањето што претставува Четвртата светска галерија на карикатури, речиси и двајцата одговараат во исто време:**

— На Фестивалот многу му веруваме, затоа и учествуваме. Ова е многу успешен фестивал, а неговиот успех се должи на добрата организација и на учеството на врвни светски имиња. Во текот на четири години Галеријата успеа да се афирмира. Веќе целиот свет зборува за нејзиниот успех и нам веќе ништо не ни останува да кажеме повеќе.

Срцето на светската карикатура веќе чука во Скопје и тоа чукање вечно ќе потрае.

**М. Кнежевиќ**